РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KOMISIONI RREGULATOR I ENERGJETIKËS, I SHËRBIMEVE TË UJIT DHE I SHËRBIMEVE TË MENAXHIMIT ME MBETURINAT KOMUNALE I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr. 11- 1009/2
22.05 20 25 год.-viti

Врз основа на член 28 став (1) точка 5 од Мрежните правила за дистрибуција на топлинска енергија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 86/25), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 22 мај 2025 година донесе

## РЕШЕНИЕ

### за одобрување на Одлуката за определување на трошоците за исклучување и приклучување на топлинска потстаница (мерно место) на потрошувач од/на системот за дистрибуција и трошоци за празнење на инсталација заради изведување на сервисни активности и приклучување и исклучување на/од грејна инсталација

1. Се одобрува Одлуката за определување на трошоците за исклучување и приклучување на топлинска потстаница (мерно место) на потрошувач од/на системот за дистрибуција и трошоци за празнење на инсталација заради изведување на сервисни активности и приклучување и исклучување на/од грејна инсталација на Друштвото за дистрибуција на топлинска енергија ЕСМ ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје, бр.02-1444 од 16 мај 2025 година.
2. Се задолжува Друштвото за дистрибуција на топлинска енергија ЕСМ ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје, одобрената Одлука од точка 1 од ова решение да ја објави на својата веб страница.
3. Ова решение се доставува до Друштвото за дистрибуција на топлинска енергија ЕСМ ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје.
4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, и се објавува на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Друштвото за дистрибуција на топлинска енергија ЕСМ ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје согласно член 28 став (1), точка 5 од Мрежните правила за дистрибуција на топлинска енергија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 86/25) има обврска да подготви Одлуката за определување на трошоците за исклучување и приклучување на топлинска потстаница (мерно место) на потрошувач од/на системот за дистрибуција и трошоци за празнење на инсталација заради изведување на сервисни активности и приклучување и исклучување на/од грејна инсталација и по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) да ја објави на својата веб страница.

Друштвото за дистрибуција на топлинска енергија ЕСМ ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје до Регулаторната комисија за енергетика достави Одлуката за определување на трошоците за исклучување и приклучување на топлинска потстаница (мерно место) на потрошувач

од/на системот за дистрибуција и трошоци за празнење на инсталација заради изведување на сервисни активности и приклучување и исклучување на/од грејна инсталација на 16 мај 2025 година, заведена во архивата на Регулаторната комисија за енергетика под бр.02-1444.

Регулаторната комисија за енергетика на 22 мај 2025 година одржа седница на која ја разгледа и ја одобри Одлуката за определување на трошоците за исклучување и приклучување на топлинска потстаница (мерно место) на потрошувач од/на системот за дистрибуција и трошоци за празнење на инсталација заради изведување на сервисни активности и приклучување и исклучување на/од грејна инсталација на Друштвото за дистрибуција на топлинска енергија ЕСМ ДИСТРИБУЦИЈА СО ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје и го задолжи друштво истата да ја објави на својата веб страница.

Имајќи го предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот.

**Бр. 11-1009/2**

**22 мај 2025 година**

**Скопје**

**Претседател**

**на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад**

**на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**

изработил: Далибор Митровски

контролирал: Биљана Дуковска Вердел

одобрил: Јулијана Димоска-Исајлоска